Анета / Ресул
23.11.2022

ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ул.„Маршал Тито“ бр.62, тел./факс +389 34 222 333

Наш број 04-2116/2 од 23.11.2022 *Ваш број*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
KESHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ - SHKUP

29. 11. 2022			
Сервисна ознака	Број Numer	Прилог Shtoja	Вредност Vlera
03-1255/3			

До
Инспекциски Совет
ул. „Даме Груев“ бр. 3 блок 2 лок.5
Скопје

Предмет: Доставување на записник од спроведен практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ“ бр. 238/19) на ден 22.11.2022 година, со почеток во 10.00 часот, во службената просторија на Одделението за инспекциски надзор-инспекторат во Општина Богданци пред Комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана со Решение од Градоначалникот на Општина Богданци со бр. 09-2085/1 од 16.11.2022 година се спроведе практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор за **Даринка Пеева- кандидат за овластен комунален инспектор.**

Во прилог Ви доставуваме:

-Решение за формирање Комисијата за полагање на практичен испит за инспектор, бр. 09-2085/1 од 16.11.2022 година;

-Записник за спроведен практичен испит за инспектор за Овластен комунален инспектор бр. 04-2116/1 од 22.11.2022 година.

Со почит,

Изработил: Венера Зелева
Венева

Градоначалник
на Општина Богданци
Блаже Шапов

ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БОГДАНЦИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 04-2116/1
22.11 2022 год.
БОГДАНЦИ

ОПШТИНА БОГДАНЦИ

ул.„Маршал Тито“ бр.62, тел./факс +389 34 222 333

Наш број *Ваш број*

З А П И С Н И К
за спроведен практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ“ бр. 102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ“ бр. 238/19) на ден 22.11.2022 година, со почеток во 10.00 часот, во службената просторија на Одделението за инспекциски надзор-инспекторат во Општина Богданци пред Комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана со Решение од Градоначалникот на Општина Богданци со бр. 09-2085/1 од 16.11.2022 година се спроведе практичен дел од испит за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:

-Димитар Апостолов -виш инспектор, раководител на одделение за инспекциски надзор- претседател;
-Мирјана Гелебешова- овластен сообраќаен инспектор-член;
-Слободан Дичев- овластен градежен инспектор-член;
-Влатко Серафимов-од Инспекцискиот Совет од областа на животната средина и заштита на здравјето на луѓето-член.

Кандидатот за полагање на практичен испит за инспектор е **Даринка Пеева**, кандидат за овластен комунален инспектор.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор, каде кандидатот Даринка Пеева изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекциски надзор со изготвување на акти, затварање и документирање на инспекцискиот надзор.

При презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот, комисијата ги утврди основните бодови, и тоа:
-Планирање и подготовка на инспекциски надзор-15 бода,
-Спроведување на инспекциски надзор-25 бода,
-Затварање на инспекциски надзор-30 бода,
-Документирање на инспекциски надзор-15 бода.

Комисијата констатира дека кандидатот Даринка Пеева **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Практичниот дел за инспектор траеше од 10.00 часот со 12.00 часот.

Комисијата за полагање практичен испит за инспектор

1.Димитар Апостолов _____

2.Мирјана Гелебешова _____

3.Слободан Дичев _____

4. Влатко Серафимов _____